Врз основа на член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 8.7.2011 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за измена и дополнување на Правилата за студирање – Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 98 од 22 февруари 2008 година)

### Член 1

Во член 20, став (4) се менува и гласи:

(4) "Оценувањето на редовните студенти во рамките на предметната програма се остварува според следниов критериум:

- прв дел од испит:
  - прв компјутерски тест ...................................... 15 поени
  - втор компјутерски тест ....:.................................. 15 поени
- втор дел од испит:
  - писмен тест со отворен тип прашања на цел испит или устен испит .................. 70 поени
- на студиите по новинарство, вториот дел од испитот ќе се состои во оценување на практикумите според успешноста на спроведената практична работа во новинарски редакции на печатени и електронски медиуми ................................. 70 поени

(5)„Оценувањето на вонредните студенти во рамките на предметната програма се остварува според следниов критериум:

- прв дел од испит:
  - еден компјутерски тест ........ 30 поени
- втор дел од испит:
  - писмен тест со отворен тип прашања на цел испит или устен испит .................... 70 поени
  - на студиите по новинарство, вториот дел од испитот ќе се состои во оценување на практикумите според успешноста на спроведената практична работа во новинарски редакции на печатени и електронски медиуми .......... 70 поени

Ставот 6 се менува и гласи:

(6) Времето на полагање на еден компјутерски тест од 15 прашања е 30 минути. Времето на полагање на еден компјутерски тест од 30 прашања е 60 минути.

По ставот 6 се додаваат уште три нови става (7), (8) и (9), кои гласат:

(7) Вториот дел од испитот доколку се полага во форма на писмен тест со отворен тип на прашања трае 90 минути.

(8) Полагањето на компјутерските тестови се спроведува во различни денови согласно со распоредот за полагање на тестовите даден од Канцеларијата за ЕКТС.

(9) Термините за вториот дел од испитот се определуваат по претходна консултација со Канцеларијата за ЕКТС, а по предлог на предметниот професор.

### Член 2

Членот 21 се менува и гласи:

(1) Начинот на полагање на испитот согласно со чл. 20 од оваа Одлука се однесува на секоја предметна програма независно од бројот на кредитите.

(2) Начинот на полагање на вториот дел од испитот задолжително треба да

биде наведен во силабусот за секоја предметна програма.

**Член 3**

Членот 22 се менува и гласи:

(1) Компјутерскиот тест од 15 прашања се смета за положен ако кандидатот освоил минимум 10 поени, а компјутерскиот тест од 30 прашања се смета за положен ако кандидатот освоил минимум 20 поени.

(2) На вториот дел од испитот може да се јави студент кој што освоил минимум 20 поени од двата компјутерски теста за редовните студенти, односно од едниот компјутерски тест за вонредните студенти.

(3) Освоените поени од двата компјутерски теста за редовните студенти, односно од едниот компјутерски тест за вонредните студенти, влегуваат во вкупните поени што студентот може да ги освои на испитот.

**Член 4**

Во членот 23, ставовите (1), (2), (3) и (4) се бришат.

Во членот 23, ставот (7) се менува и гласи:

За компјутерскиот тест од 15 прашања треба да се доставаат најмалку 70 прашања, а за компјутерскиот тест од 30 прашања треба да се доставаат најмалку 140 прашања.

Во членот 23, став (10), зборовите: „Тестот за секоја предметна програма се прави во најмалку пет групи прашања", се бришат.

Во членот 23, ставовите (11) и (12) се бришат.

**Член 5**

Членот 24, став (1) се менува и гласи:

(1) Редовните студенти ги полагаат компјутерските тестови во колоквиумските седмици во рамките на зимскиот, есенскиот и летниот испитен рок.

(2) Вонредните студенти го полагаат компјутерскиот тест во терминот за вториот компјутерски тест за редовните студенти и во поправниот термин во тековниот испитен рок.

Во членот 24, ставот (3) се брише.

**Член 6**

Во членот 26, во ставот 1, последната реченица се менува и гласи:

Првиот компјутерски тест кој не е положен може да се полага во поправниот термин во тековниот испитен рок.

Во членот 26, ставот 2 се менува и гласи:

Вториот компјутерски тест кој не е положен може да се полага во поправниот термин во тековниот испитен рок.

Во членот 26, ставот 3 се менува и гласи:

Студентот кој не ги положил и двата компјутерски теста може да ги полага во поправниот термин во тековниот испитен рок во форма на еден компјутерски тест со 30 прашања.

Во членот 26, ставот 4 се менува и гласи:

Студентот кој ги положил и двата компјутерски теста, а не е задоволен од постигнатиот резултат на еден или на двата теста, има право на негово барање повторно да го полага едниот или двата теста од кои не е задоволен, во поправниот термин во тековниот испитен рок. Ако студентот бара преполагање на двата теста, полагањето се спроведува согласно со одредбата од ставот (3) на овој член.

**Член 7**

Член 27 се менува и гласи:

(1) Редовниот студент во зимскиот семестар полага прв дел од испит преку два компјутерски теста, и тоа првиот компјутерски тест, по правило се полага, во месец ноември, а вториот компјутерски тест, по правило, се полага во месец јануари. Редовниот студент во зимскиот семестар го полага вториот дел од испитот во зимскиот испитен рок. Вонредниот студент во зимскиот семестар го

полага компјутерскиот тест, по правило, во месец јануари.

(2) Редовниот студент во летниот семестар полага прв дел од испит преку два компјутерски теста, и тоа првиот компјутерски тест, по правило се полага, во месец април, а вториот компјутерски тест, по правило, се полага во месец мај. Редовниот студент во летниот семестар го полага вториот дел од испитот во летниот испитен рок. Вонредниот студент во летниот семестар го полага компјутерскиот тест, по правило, во месец мај.

(3) Студентот кој не го положил првиот дел од испитот, односно не освоил минимум 20 поени од двата компјутерски теста (редовни студенти), односно не освоил минимум 20 поени од едниот компјутерски тест (вонредни студенти), има право да полага во поправниот термин во тековниот испитен рок.

(4) Студентот што нема да освои минимум 20 поени од двата компјутерски теста, ниту по поправното полагање, односно студентот кој го положил првиот дел од испитот (двата компјутерски теста), но не го положил вториот дел од испитот, ја презапишува предметната програма. Презапишувањето може да се состои во повторно преслушување на предметната програма или полагање на предметната програма во првиот нареден испитен рок како вонреден студент.

(5) Студентот по завршувањето на VI семестар стекнува статус на апсолвент. Апсолвентите ги презапишуваат предметните програми кои не ги положиле во претходните испитни рокови, без обврска нив да ги слушаат, и имаат можност да ги полагаат во првиот нареден испитен рок како вонредни студенти.

(6) На студентите кои од лични и оправдани причини поднеле барање за предвремено полагање на предметна програма, без разлика на успехот што го постигнале со полагање на претходните предметни програми, може да им се дозволи предвремено полагање на предметна програма пред колоквиумска и испитна сесија, со плаќање на административен надомест. Секое барање од студен-тите ќе се разгледува и одобрува одделно од продеканот за настава на Факултетот.

**Член 8**

Членот 28 се менува и гласи:

(1) Завршната оценка се формира врз основа на следниов критериум:

60- 67 = 6 (шест)
68- 75= 7 (седум)
76- 83 = 8 (осум)
84- 91 = 9 (девет)
92- 100=10 (десет)

(2) Предметниот наставник ја внесува завршната оценка во електронското досие на студентот, во индексот на студентот и во пријавата за испит и ја потврдува со свој потпис.

**Член 9**

Во членот 36. ставот (6) се брише.

**Член 10**

Членот 37 се брише.

**Член 11**

Членот 60 се менува и гласи:

Надлежната служба се задолжува да изготви пречистен текст на Правилата за студирање (Анекс на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје).

**Член 12**

Во членот 61 се додава нов став (2), кој гласи:

За студентите од генерациите 2007/08, 2008/09, 2009/10 и 2010/11 година, оценувањето се врши според следниов критериум, и тоа:

- прв тест ............................ до 35 поени

- втор тест .......................... до 35 поени
- редовни активности (активности на настава и други форми на интерактивност)............... до 10 поени
- полагање на есеј или на есеј комбиниран со тест-прашања ........... до 20 поени
- дополнителна активност ..........1 поен*

Вонредни студенти
- тест ......................... до 80 поени
- есеј .......................... до 20 поени

* Дополнителната активност се определува од предметниот наставник по барање на студентот при завршното оценување. Услов студентот да побара и да добие дополнителна активност е да освоил најмалку 60 поени по другите основи (редовните активности и тестовите) или да освоил поени на граница помеѓу пониската и повисоката оценка. Предметниот наставник дополнителната активност и постигнатиот успех задолжително ги внесува во електронското досие на студентот.

**Член 13**

Одлуката за измена и дополнување на Правилата за студирање – Анекс на студиските програми на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (пречистен текст), (Универзитетски гласник бр. 98 од 22 февруари 2008 година), влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник, а ќе се применува од учебната 2011/ 2012 година.

**Декан**
**Проф. д-р Борче Давитковски с.р.**

Врз основа на член 52, став 1, алинеа 1, од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 36. седница одржана на 29.9.2011 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешната организација и работа на Шумарскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Универзитетскиот сенат дава согласност на **Правилникот** за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешната организација и работа на Шумарскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**